УДК: 159.942:616-036.88-057.875(497.7)
Изворен научен труд

# АНКСИОЗНОСТ ПОВРЗАНА СО СМРТТА КАЈ МЛАДИ ВОЗРАСНИ: ПОЛОВИ РАЗЛИКИ И ЕМОЦИОНАЛНИ КОРЕЛАТИ

**Катерина Наумова**[1]
**Михајло Поповски**
*Институт за психологија, Филозофски факултет,*
*Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје*

**Кратка содржина**

Анксиозноста поврзана со смртта се определува како емоционален одговор на свесноста за смртта кој вклучува страв поради сопствената смртност што не е предизвикан од непосредна закана за животот. Голем број емпириски наоди укажуваат дека периодот на рана зрелост е обележан со многу истакнат страв или анксиозност поврзани со смртта, како и дека овој вид анксиозност вообичаено е поистакнат кај жените. Според теоријата на справување со ужасен страв, афективното врзување во возрасната доба е своевидна индиректна одбрана од свесноста за смртноста и минливоста на животот. Истражувањето чии резултати се соопшуваат во овој труд има неколку цели: прво, да се испита дали постојат полови разлики во истакнатоста на анксиозноста поврзана со смртта кај млади возрасни, потоа да се испита поврзаноста меѓу овој вид анксиозност и одделни емоционални корелати (анксиозност поврзана со стареење, емпатија и афективно врзување во интимни и други социјални односи) и, на крајот, да се провери предиктивната моќ на секој од корелатите во однос на овој вид анксиозност. Учесници во истражувањето се 435 студенти од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Податоците се прибирани со Скалата на анксиозност поврзана со смртта на Темплер/Мекморди, Скалата на анксиозност поврзана со стареење, Индексот на интерперсонална реактивност и Скалата на афективно врзување кај возрасни. Проверката на половите разлики покажа дека жените значајно повеќе од мажите ги вознемирува и плаши помислата за смртта. Речиси сите испитувани корелати се значајно поврзани со анксиозниот одговор на свесноста за смртта, но најсилна поврзаност постои меѓу анксиозноста поврзана со смртта и анксиозноста поврзана со стареењето, личната вознемиреност и емпатиската грижа како афективни компоненти на емпатијата и анксиозното афективно врзување. Првите три корелати се издвоија и како значајни предиктори на анксиозноста поврзана со смртта, кои објаснуваат над третина од варијансата. Наодите се во согласност со развојните аспекти на анксиозниот одговор на смртта и со теоријата на справување со ужасен страв.

**Клучни зборови:** *анксиозност поврзана со смртта, анксиозност поврзана со стареењето, емпатија, афективно врзување, теорија на справување со ужасен страв*

[1] knaumova@fzf.ukim.edu.mk

Интересот за проучување на ставовите спрема смртта и умирањето, како и на емоционалните реакции поврзани со нив постепено расте во последните пет децении (Neimeyer, Wittkowski, & Moser, 2004). Во најопшти рамки, анксиозноста поврзана со смртта се определува како емоционален одговор на свесноста за смртта кој вклучува страв поради сопствената смртност што не е предизвикан од непосредна закана за животот (Russac et al., 2007, според Bodner, Shrira, Bergman, & Cohen-Fridel, 2015). Нејмеер, пак, ја дефинира анксиозноста поврзана со смртта како термин со кој се опишуваат група ставови за смртта кои ги карактеризира страв, закана, непријатност и слични негативни реакции (Neimeyer, 1997, според Chelgren, 2000). Со други зборови, анксиозноста поврзана со смртта претставува спектар на негативни емоционални реакции предизвикани од мисли за смртта и умирањето (Urine & Kilbourne, 2008, според Tavakoli & Ahmadzadeh, 2011).

Иако термините анксиозност поврзана со смртта и страв од смртта често се сретнуваат во литературата како синоними, одредени автори вложуваат напори за нивно диференцирање. На пример, според Момеер, анксиозноста поврзана со смртта означува ужаснатост од целосно уништување, а стравот од смртта е поконкретно верување дека чинот на умирањето е застрашувачки (Momeyer, 1988, според Lehto & Stein, 2009). Цицирели смета дека ужаснатоста од исчезнувањето е повеќе поврзана со ментална или духовна свесност за престанокот на постоењето, додека стравот од смртта е поврзан со физичката свесност за престанокот на постоењето (Cicirelli, 2006, според Lehto & Stein, 2009). Исто така, постојат и емпириски наоди за биолошка дистинктивност на двата типа емоционални реакции, односно нивна поврзаност со различни анатомски структури (Öhman, 2008). Од друга страна, пак, имајќи ја предвид улогата на културата во определувањето на значењето на смртта, повеќето истражувачи често не прават разлика меѓу двата термина и ја прифаќаат мултидимензионалната природа на анксиозноста поврзана со смртта, препознавајќи вообичаено шест нејзини аспекти: емоционален, когнитивен, искуствен, развоен, социокултурен и мотивациски (Lehto & Stein, 2009).

Првите емпириски истражувања во оваа област биле насочени кон постарата популација и се раководеле од интуитивната претпоставка дека стравот и анксиозноста поврзани со смртта се зголемуваат во староста. Меѓутоа, зголемениот број добро осмислени емпириски нацрти, кои вклучувале примероци од различни возрасни групи и етнички заедници, покажале дека анксиозноста поврзана со смртта не само што не се зголемува со возраста туку се намалува особено од средната возрасна доба кон староста (Neimeyer

et al., 2004; Stevens, Cooper, & Thomas, 1980), како и дека периодите на адолесценција и на рана зрелост се обележани со многу истакнат страв или анксиозност поврзани со смртта и умирањето (Thorson & Powell, 1988; според Chelgren, 2000; Gesseret al., 1994 според Harrawood, White, & Benshoff, 2009). Доцната адолесценција, односно раната зрелост се периоди на дефинирање поинаков пристап во соочувањето со значењето на животот и на смртта, како и периоди на одвојување од родителите и на индивидуализација, што предизвикува истакната вознемиреност и загриженост кај младите (Koocheret al., 1976, Keller et al., 1984, McCarthy, 1980; според Chelgren, 2000).

Подеталните анализи покажале дека емоционалните реакции предизвикани од помислата за сопствената смртност, поради својата мултидимензионална природа, може да варираат во различни периоди од животот. На пример, Торсон и Пауел (Thorson & Powell, 1994, според Neimeyer et al., 2004) утврдиле дека помладите се плашат повеќе од распаѓањето на телото, болката, беспомошноста и изолацијата, додека постарите повеќе се загрижени за губењето на контролата и за постоењето задгробен живот. Истовремено, кај повозрасните поединци биле утврдени квантитативни, но и квалитативни варијации во ставовите спрема смртта, што укажува дека кумулативниот ефект на животните искуства може да поттикне еволуција и суптилна трансформација на односот спрема смртта и умирањето. Секако, наодите за односот меѓу возраста и анксиозноста поврзана со смртта не се еднозначни, меѓутоа при нивната анализа не би требало да се занемарат начинот на кој возраста се третира како варијабла, влијанието на типот на користените мерки, особеностите на примероците и на истражувачките нацрти.

Вториот најчесто истражуван корелат на анксиозноста поврзана со смртта е полот. Во овој случај наодите се многу поконзистентни и упатуваат на постоење поистакната анксиозност кај жените независно од возраста (Abel-Khalek, 1998, 2001, 2002; Abdel-Khalek & Al-Kandari, 2007; Dattel & Neimeyer, 1990; Davis et al., 1983; Lonetto & Templer, 1986; Rasmussen & Johnson, 1994; Suhail & Akram, 2002; Thorson & Powell, 1984, 1988, 1993; според Harrawoodet al., 2009; Iammarino, 1975; Power & Smith, 2008). Во една неодамнешна обемна меѓукултурна мета-анализа, Лестер, Темплер и Абдел-Калек (Lester, Templer, & Abdel-Khalek, 2007) ги испитувале половите разлики кај 23 примероци составени од студенти на додипломски студии во САД и 14 примероци составени од студенти на додипломски студии во Австралија, Канада, Европа и десетина азиски земји. Во сите истражувања била применета иста мерка за процена на анксиозноста поврзана со смртта. Во двете групи примероци

наодите недвосмислено укажувале на значајно поистакната анксиозност кај жените. Со оглед на тоа што анализираните податоци произлегувале од тридецениски опсег на проучување на оваа тема, авторите ги испитале и временските промени во манифестацијата на овој тип анксиозност кај двата пола. Утврдиле дека кај жените анксиозноста поврзана со смртта се зголемила во периодот од 1970 до 2003 година, додека кај мажите не се утврдени значајни промени.

Едно можно објаснување за половите разлики кое често се сретнува во литературата е поголемата емоционална експресивност на жените (Dattel & Neimeyer, 1990; според Harrawoodet al., 2009). Други автори (на пример, White & Handal, 1991, според Chelgren, 2000) го нагласуваат недостатокот на адаптивно негирање и потиснување кај жените. Темплер, пак, смета дека родовите улоги се основна причина за појавените разлики (Templer, 1991, според Chelgren, 2000). Во слична насока се и наодите од неколку истражувања кои поистакнатата анксиозност поврзана со смртта ја поврзуваат со поистакнатата фемининост, како и пасивност и емпатија (Robbins, 1989, според Chelgren, 2000; Templer, Lester, & Ruff, 1974; Thorson, 1977).

Одделни истражувачи се фокусирале и на врската меѓу вознемиреноста поврзана со антиципацијата на смртта и анксиозноста како состојба, но и како црта на личноста. Наодите укажуваат дека диспозициската анксиозност е особено нагласена кај лицата кои доживуваат поистакнат страв, анксиозност или чувство на закана кога помислуваат на смртта (Conte et al., 1982; Gilliland & Templer, 1985; Hintze et al., 1994; Lonetto et al., 1980; Loo, 1984; Tobacyk & Eckstein, 1980; според Neimeyer, et al., 2004).

Покрај тоа, во обидот анксиозноста поврзана со смртта да се разграничи од други модалитети на анксиозноста, испитувана е и поврзаноста меѓу овој вид анксиозност и анксиозноста поврзана со стареењето, што се одредува како загриженост и антиципација на непосакувани физички, ментални и лични загуби поврзани со процесот на стареење (Lasher & Faulkender, 1993). Некои наоди покажуваат постоење умерена позитивна корелација, што упатува на можноста дека станува збор за два поврзани, но дистинктивни типови анксиозност (на пример, Bodneret al., 2015).

Од аспект на личносни предиспозиции, важни се и согледувањата на повеќе автори дека невротицизмот е поврзан со поистакната анксиозност предизвикана од свесноста за смртта (Howells & Field, 1982, Loo, 1984; според Frazier & Foss-Goodman, 1989; Pollak, 1979; Westman & Brackney, 1990; според Florian, Mikulincer, & Hirschberger, 2002). Фрејжер и Фос-Гудман, исто така, утврдиле дека поистакната емоционална сензитивност е значаен предиктор

на анксиозноста поврзана со смртта (Frazier & Foss-Goodman, 1989). Значајни се и наодите на Гилиланд и Темплер, кои покажуваат дека поединците кај кои е поистакната анксиозноста предизвикана од смртта имаат помалку истакната потреба од постигнување, послаба психолошка истрајност и послаби его-сили, како и тоа дека се помалку ориентирани кон себеостварување (Gilliland & Templer, 1985, според Harrawood et al., 2009).

Емпириското проучување на ставовите спрема смртта во најголем дел следи атеориски пристап, барем сѐ до појавата и силната емпириска поддршка на *теоријата на справување со ужасен страв* на Гринберг, Соломон и Пишжински (Terror Management Theory, Greenberg, Solomon & Pyszczynski) (Greenberg & Arndt, 2011). Станува збор за теориски модел што опфаќа егзистенцијалистички, психодинамички и еволуциски перспективи и кој односот спрема смртта и значењето што ѝ го припишуваме го одредува како клучен фактор во нашето секојдневно животно функционирање. Според авторите на овој пристап, постојаната свесност за сопствената смртност и за минливоста на животот може да предизвика ужасен страв и имобилизираност кај луѓето. Како заштитен механизам, општествата развиваат културни светогледи и космологии поврзани со нив преку кои се одредува смислата на животот и на смртта, обидувајќи се на тој начин да ги ублажат последиците од можноста да се антиципира сопствената смрт (Neimeyer et al., 2004; Iverach, Menzies & Menzies, 2014). Симболичкото придржување до овие светогледи овозможува намалување на анксиозниот одговор на свесноста за смртта.

Авторите на овој пристап разликуваат два типа одбрани од анксиозноста поврзана со смртта: директни (проксимални/свесни) и индиректни (дистални/несвесни/симболички). Првите се активираат кога свесно помислуваме на смртта, а се манифестираат како супресија и рационализација. Вторите се јавуваат кога стравот од смртта е присутен, меѓутоа без да продре во полето на свесноста, и се манифестираат како силна врзаност за својот светоглед и сликата за себе. Овој вид одбрани може да вклучува засилена посветеност на политичкиот, религиозниот или идеолошкиот систем на верувања, или на врски кои го зајакнуваат себепочитувањето и самодовербата. Но, од друга страна, одбраната може да се манифестира како дистанцирање или напаѓање на поединци или групи со различни верувања, односно со различен светоглед (Neimeyer et al.,2004; Iverach et al., 2014). Гринберг, Пишжински и Соломон во низа лабораториски спроведени истражувања покажале дека при зголемена свесност за смртта и за сопствената смртност, луѓето тежнеат кон одбрана на својот светоглед (Greenberg, Pyszczynski, & Solomon, 1990; според Neimeyer et al., 2004).

По постепеното поцизионирање на овој пристап како највлијателен во областа (Burke, Martens, & Faucher, 2010), започнува и процес на негова интеграција со теориите на афективно врзување, при што интимните и другите социјални врски во возрасната доба се издвојуваат како дополнителен фактор што овозможува чувство на психолошка сигурност и заштита од анксиозноста предизвикана од свесноста за смртта (Hart, Shaver, & Goldenberg, 2005; Mikulincer, Florian, & Hirschberger, 2003). Многу емпириски наоди ја поддржуваат оваа интегративна перспектива. На пример, утврдено е дека поединците со сигурен стил на афективно врзување помалку се плашат од смртта во споредба со поединците со избегнувачки или анксиозно-амбивалентен стил на врзување (Mikulinceret al., 1990 според Mikulincer & Florian, 2000), како и дека при соочување со сопствената смртност поединците со сигурен стил на афективно врзување имаат зголемена потреба од интимност, блискост и предаденост во партнерските врски (Mikulincer & Florian, 2000; Florian, Mikulincer, & Hirschberger, 2002).

Со оглед на тоа што прашањето за анксиозноста поврзана со смртта и за нејзините релевантни корелати, особено кај млади возрасни, воопшто не е проучувано во нашата земја, истражувањето што го спроведовме има неколку цели: прво, да провери дали кај оваа возрасна група постојат полови разлики во однос на истакнатоста на овој тип анксиозност; второ, да се испита нејзината поврзаност со одделни емоционални корелати, т.е. со анксиозноста поврзана со стареењето, емпатијата и афективното врзување во интимни и други социјални односи; и трето, да се провери предиктивната моќ на секој од овие корелати во однос на анксиозноста поврзана со смртта.

## Метод

### *Учесници и постапка*

Учесници во истражувањето се 435 студенти од сите студиски години на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Иако станува збор за пригоден примерок, хетерогеноста е обезбедена преку избор на учесници кои студираат во четири града на десет различни факултети од следниве научни области: природно-математички, медицински, општествени, техничко-технолошки и хуманистички науки. Просечната возраст на учесниците е 21 година (±1.7 години) и најголем дел од нив се од женски пол (70%). Прибирањето на подато-

ците се вршеше групно во просториите на факултетите каде што учесниците студираат во 2014 година.

*Инструменти*

За процена на анксиозноста поврзана со смртта е употребена една од најчесто користените мерки во оваа област, *Скалата на анксиозност поврзана со смртта на Темплер/Мекморди* (Templer/McMordie Death Anxiety Scale; McMordie, 1979). Инструментот е заснован на двофакторската теорија на Темплер (Templer, 1976), според која степенот на анксиозност поврзана со смртта и умирањето го одредуваат општата психолошка здравствена состојба на поединецот и животните искуства поврзани со смртта. Скалата се состои од 15 ставки кои одразуваат различни лични искуства и ставови кон смртта. Одговорите се даваат со користење на петстепена скала на процена, при што најнизок можен скор е 15, а највисок е 75. Повисок скор упатува на поистакната анксиозност поврзана со смртта и умирањето. Коефициентот на внатрешна конзистентност утврден во ова истражување изнесува α = .81.

За процена на анксиозноста поврзана со стареењето е употребена *Скалата на анксиозност поврзана со стареење* (Anxiety about Aging Scale; Lasher & Faulkender, 1993), што се состои од 12 ставки. Одговорите се даваат со користење на петстепена скала на процена, при што најнизок можен скор е 12, а највисок е 60. Повисок скор упатува на поистакната анксиозност поврзана со стареењето. Коефициентот на внатрешна конзистентност во ова истражување изнесува α = .78

Емпатијата како диспозициска тенденција е испитувана со примена на *Индексот на интерперсонална реактивност* (Interpersonal Reactivity Index; Davis, 1983), што се состои од четири супскали со кои се проценуваат две когнитивни компоненти на емпатијата (заземање туѓо гледиште и емпатиска фантазија) и две афективни компоненти (емпатиска грижа и лична вознемиреност). Супскалите се состојат од 7 ставки, а за утврдување на степенот на точноста на описите се користи петстепена скала. Минималниот можен скор на секоја супскала изнесува 7, а максималниот 35. Високите скорови на супскалите укажуваат на поистакната тенденција на заземање туѓо гледиште, емпатиска фантазија, емпатиска грижа и лична вознемиреност. Во ова истражување се утврдени следниве коефициенти на внатрешна конзистентност на супскалите: заземање туѓо гледиште α =.60; емпатиска фантазија α = .73; емпатиска грижа α = .65; лична вознемиреност α = .71.

Податоците за типот на афективно врзување во возрасната доба беа

прибирани со *Скалата на афективно врзување кај возрасни* (Adult Attachment Scale; Collins & Read, 1990), која се состои од 18 ставки, распределени во три супскали: *анксиозност*, со која се проценува степенот до кој поединецот е загрижен поради можноста да биде напуштен или да не биде сакан; *блискост*, со која се проценува степенот до кој поединецот се чувствува удобно во блиска и интимна врска; и *потпора*, со која се проценува степенот до кој поединецот чувствува дека другите ќе бидат достапни кога ќе има потреба од нив. Супскалите содржат по 6 ставки на кои се одговара со примена на петстепена скала на одговори, при што најнизок можен скор е 6, а највисок е 30. Повисоки скорови на првата супскала укажуваат на поистакната анксиозност и загриженост од отфрлање во социјалните односи, додека повисоки скорови на другите две супскали укажуваат на поистакнато чувство на блискост и удобност во односите, односно поистакната процена дека другите се достапни и подинецот може да се потпре на нив. Во истражувањето се утврдени следниве коефициенти на внатрешна конзистентност на супскалите: анксиозност $\alpha = .73$, блискост $\alpha = .41$, потпора $\alpha = .53$.

*Резултати*

Имајќи предвид дека освен мерката за емпатија другите три мерки прв пат се користат во едно емпириско истражување во Република Македонија, пред да се пристапи кон планираните анализи во врска со целите на истражувањето, неопходен е увид во дескриптивните показатели (за тенденцијата на групирање и за варијабилност на податоците), како и во проверките на распределбата на добиените скорови на мерките (Табела 1). Резултатите од применетиот тест на Колмогоров и Смирнов прикажани во табелата покажуваат постоење на нормално дистрибуирање на скоровите на мерките на анксиозни реакции поврзани со смртта и со староењето, како и на три од четирите супскали на мерката за процена на аспектите на емпатијата.

**Табела 1.** Показатели на распределбата на скоровите на мерките на сите испитувани варијабли

| | N | M | SD | опсег на скорови | KS | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Анксиозност поврзана со смртта** | 398 | 49.04 | 10.66 | 19-75 | .61 | .851 |
| **Анксиозност поврзана со стареењето** | 418 | 32.27 | 8.21 | 12-55 | 1.00 | .265 |
| **Афективно врзување** | | | | | | |
| Анксиозност | 413 | 15.21 | 5.04 | 6-30 | 1.61 | .011 |
| Блискост | 402 | 20.84 | 3.59 | 11-30 | 1.66 | .008 |
| Потпора | 395 | 16.30 | 4.08 | 6-26 | 1.30 | .067 |
| **Емпатија** | | | | | | |
| Емпатиска фантазија | 418 | 23.37 | 5.57 | 11-35 | 1.08 | .195 |
| Емпатиска грижа | 408 | 25.38 | 4.65 | 10-35 | 1.23 | .098 |
| Заземање туѓо гледиште | 407 | 22.45 | 4.42 | 8-34 | 1.19 | .120 |
| Лична вознемиреност | 417 | 20.99 | 5.22 | 7-33 | 1.05 | .216 |

*Забелешка:* KS = тест на Колмогоров и Смирнов

Индикатори за отстапување од нормално распределување на скоровите се добиени за две димензии на афективното врзување, анксиозност и блискост. Меѓутоа, со оглед на големината на примерокот, по анализа на графичкиот изглед на дистрибуциите и проверка на вредностите на скјунесот и куртозисот, кои за анксиозност изнесуваат (.489) и (-.142), а за блискост (.109) и (-.074), овие мерки беа прифатени како нормално дистрибуирани. Податоците за анксиозно врзување покажуваат умерена тенденција да се групираат кон пониските скорови, но тоа е во согласност со особеностите на мерката.

**Табела 2.** Проверка на разликите во анксиозноста поврзана со смртта и во нејзините потенцијални емоционални корелати кај учесниците од двата пола

| | Пол | N | M | SD | t-test | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Анксиозност поврзана со смртта** | М | 126 | 44.41 | 11.68 | -5.38 | 395 | **.000**** |
| | Ж | 280 | **50.99** | 9.60 | | | |
| **Анксиозност поврзана со стареењето** | М | 125 | 30.44 | 7.84 | -2.99 | 414 | **.003**** |
| | Ж | 291 | **33.05** | 8.29 | | | |
| **Афективно врзување** | | | | | | | |
| Анксиозност | М | 120 | 15.27 | 5.16 | .18 | 409 | .858 |
| | Ж | 291 | 15.17 | 5.00 | | | |
| Блискост | М | 119 | 21.24 | 3.77 | 1.35 | 398 | .179 |
| | Ж | 281 | 20.72 | 3.47 | | | |
| Потпора | М | 113 | 16.49 | 4.34 | .57 | 391 | .572 |
| | Ж | 280 | 16.23 | 3.99 | | | |
| **Емпатија** | | | | | | | |
| Емпатиска фантазија | М | 120 | 22.28 | 5.44 | -2.63 | 414 | **.009**** |
| | Ж | 296 | **23.85** | 5.56 | | | |
| Емпатиска грижа | М | 121 | 23.92 | 4.57 | -4.34 | 404 | **.000**** |
| | Ж | 285 | **26.06** | 4.51 | | | |
| Заземање туѓо гледиште | М | 119 | 22.30 | 4.48 | -.48 | 404 | .632 |
| | Ж | 287 | 22.53 | 4.38 | | | |
| Лична вознемиреност | М | 124 | 19.19 | 5.02 | -4.72 | 413 | **.000**** |
| | Ж | 291 | **21.77** | 5.14 | | | |

$^{**}p < .01$

Во Табела 2 се прикажани резултатите од проверката на значајноста на разликите меѓу просечните вредности на скоровите на сите применети мерки кај младите возрасни од машки и женски пол. Утврдено е дека кај женските се поистакнати и двата типа испитувана анксиозност. Имено, женските значајно повеќе од машките ги вознемирува и плаши помислата за смртта ($t(395) = -5.38$, $p < .01$), како и за промените на физички, ментален и социјален план кои се поврзани со процесот на стареење ($t(414) = -2.99$, $p < .01$).

Не се утврдени значајни полови разлики во димензиите на афективно врзување, додека во однос на емпатијата е утврдено дека кај женските се поистакнати двете нејзини афективни компоненти и само една когнитивна.

Поточно, споредено со машките, кај женските постои значајно поистакната тенденција на емпатиска грижа ($t(404) = -4.34$, $p < .01$), лична вознемиреност ($t(413) = -4.72$, $p < .01$), и емпатиска фантазија ($t(414) = -2.63$, $p < .01$), но не и заземање туѓо гледиште.

Проверката на големината на ефектот на утврдените разлики покажа дека индексот *d* на Коен ја надминува минималната препорачана големина (> .41), што упатува на постоење значаен ефект на практично ниво (Ferguson, 2009) само во однос на анксиозноста поврзана со смртта ($d = .54$), емпатиската грижа ($d = .43$) и личната вознемиреност ($d = .46$).

**Табела 3.** Поврзаност меѓу анксиозноста поврзана со смртта и потенцијалните емоционални корелати, без контрола и со контрола на варијаблата пол

| Емоционални корелати на анксиозноста поврзана со смртта | N | r | $r_{12.3}$ |
|---|---|---|---|
| **Анксиозност поврзана со стареењето** | 387 | **.45**** | **.42**** |
| **Афективно врзување** | | | |
| Анксиозност | **384** | **.35**** | **.39**** |
| Блискост | 375 | -.13* | -.14* |
| Потпора | 367 | -.15* | -.15* |
| **Емпатија** | | | |
| Емпатиска фантазија | **386** | **.30**** | **.28**** |
| Емпатиска грижа | **380** | **.36**** | **.33**** |
| Заземање туѓо гледиште | 375 | .10 | .10 |
| Лична вознемиреност | **386** | **.49**** | **.46**** |

*$p < .05$, **$p < .01$*

Забелешка: $r_{12.3}$ = коефициенти на парцијална корелација со контрола на варијаблата пол

Втора цел на истражувањето беше да се испита поврзаноста меѓу анксиозноста во врска со смртта и потенцијалните емоционални корелати. Резултатите од корелациската анализа се прикажани во Табела 3. Со оглед на утврдените полови разлики кај дел од испитуваните варијабли, а пред сè во однос на анксиозноста поврзана со смртта, табеларниот приказ содржи и коефициенти на парцијални корелации со контрола на ефектот на полот.

Наодите покажуваат дека речиси сите потенцијални емоционални корелати вклучени во истражувањето се значајно поврзани со анксиозниот одговор на свесноста за смртта. Највисоки коефициенти на корелација се до-

биени во однос на личната вознемиреност како афективна компонента на емпатијата ($r$ = .49, $p$ < .01) и анксиозноста поврзана со стареењето ($r$ = .45, $p$ < .01). Умерена позитивна поврзаност е утврдена и во однос на анксиозното афективно врзување ($r$ = .35, $p$ < .01), емпатиската грижа ($r$ = .36, $p$ < .01) и емпатиската фантазија ($r$ = .30, $p$ < .01). Другите корелати, иако значајно, сепак, послабо се поврзани со анксиозноста во однос на смртта, со тоа што е важно да се напомене дека блискоста и потпората во афективното врзување се негативно поврзани со овој тип анксиозност, додека заземањето туѓо гледиште како когнитивна компонента на диспозициската емпатија не е поврзано со неа. Покрај тоа, ниту еден коефициент на корелација не ја надминува границата за умерена големина на ефектот ($r$ > .50) на јачината на поврзаноста (Ferguson, 2009).

Коефициентите на парцијална корелација покажуваат дека полот е значаен фактор што влијае на поврзаноста меѓу анксиозноста во однос на смртта и испитуваните емоционални корелати. Иако кај повеќето корелати се добиени пониски коефициенти на корелација, разликите се минимални и значајноста на корелациите не се намалува. Од друга страна, интересен е наодот за анксиозното афективно врзување, каде што парцијалната корелација е повисока од нулта корелацијата, што ја сугерира можноста дека во овој случај полот се јавува како супресор варијабла.

Земени во целост, резултатите на корелациската анализа сугерираат дека регресивната анализа може да се изведе на ниво на цел примерок, а како предиктори да бидат вклучени само варијаблите кај кои е утврдена корелација со повисоко ниво на значајност ($p$ < .01).

**Табела 4.** Регресивна анализа на емоционалните корелати како предиктори на анксиозноста поврзана со смртта

| **ПРЕДИКТОРИ** | **B** | **SEB** | β | **t-test** | Sig. | 95% CI | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Анксиозност поврзана со стареењето** | .43 | .06 | .34 | 7.71 | **.000**** | .324 | .545 |
| **Анксиозно афективно врзување** | .15 | .10 | .07 | 1.43 | .154 | -.055 | .348 |
| **Емпатиска фантазија** | .03 | .09 | .01 | .28 | .778 | -.156 | .208 |
| **Емпатиска грижа** | .48 | .11 | .21 | 4.52 | **.000**** | .270 | .686 |
| **Лична вознемиреност** | .62 | .10 | .30 | 6.13 | **.000**** | .421 | .818 |

*** p < .01*

Мултиплата регресивна анализа е изведена со истовремено вклучување на сите потенцијални предиктори (метод enter). Добиениот модел (Табела 4) е статистички значаен ($F$(5, 341) = 47.79, $p$ < .000), $R^2$ = .412. Од петте вклучени варијабли, како значајни предиктори се издвоија три: анксиозноста поврзана со староењето (β = .34, $t$(355) = 7.71, $p$ < .01), личната вознемиреност (β = .30, $t$(355) = 6.13, $p$ < .01) и емпатиската грижа (β = .21, $t$(355) = 4.52, $p$ < .01). Покрај тоа, индексот β за трите предиктори ја надминува вредноста за минимална големина на ефектот на поврзаноста (> .2). Коригираниот $R^2$ = .40 упатува на умерена големина на ефектот (> .25) (Ferguson, 2009) и покажува дека трите предиктори објаснуваат 40% од варијансата во анксиозноста поврзана со смртта.

**Дискусија**

Испитувањето на особеностите на анксиозноста поврзана со смртта кај млади возрасни и нејзиниот однос со одделни емоционални корелати покажа дека анксиозниот одговор на свесноста за смртта и за сопствената смртност е присутен во раната зрелост, како што е утврдено и во повеќе други истражувања (Thorson & Powell, 1988, според Chelgren, 2000; Gesseret la., 1994 според Harrawood et al., 2009). Со оглед на тоа што податоците од мерката користена за процена на овој вид анксиозност беа нормално дистрибуирани, а во истражувањето не беа вклучени лица од други возрасни категории, може да кажеме дека нема споредбени и статистички индикатори за да заклучиме дека кај младите возрасни постои прекумерна истакнатост на вознемиреноста предизвикана од смртта. Меѓутоа, регистрираното присуство на мисли, стравови и загриженост поврзани со различни аспекти на антиципацијата на смртта и умирањето оди во прилог на теоретските и емпириски согледувања за раната зрелост како период на неизбежно и интензивно соочување со смртта и личната смртност (Koocher, et al., 1976, Keller et al., 1984; McCarthy, 1980 според Chelgren, 2000, Kastenbaum, 2000).

Раната зрелост означува премин кон возрасната доба, одреден преку заокружување на развојните задачи специфични за адолесценцијата и впуштање во нови развојни задачи. Тоа е период на формирање блиски пријателски и интимни врски, од една страна, и тежнеење кон емоционална независност од родителите, од друга страна. Младите возрасни се насочени кон оформување различни аспекти на личниот идентитет, преку преиспитување на општествените и културните вредности, норми и конвенции, и соочување со судирите

меѓу наметнатите очекувања и личните гледишта и животни преференции. Флуктуациите и нестабилноста кои се манифестираат во различни домени од психолошкото функционирање на младите возрасни дополнително го интензивираат и неминовното соочување со минливоста на животот. Раните искуства на загуби на блиски лица, како навестување на присуството на смртта во најтесното социјално опкружување, сега се заменува со јасна свесност за смртноста на човечкиот вид, но и за личната смртност, што во овој развоен период иницира сложени процеси на преиспитување на постојните ставови поврзани со смртта и умирањето, како и трансформација на емоционалните реакции што произлегуваат од нив (Kastenbaum, 2000). Истакнатата ориентираност кон иднината во раната зрелост вклучува една сериозна и неизбежна закана, што е основна причина за појава на различни обиди за одбрана од антиципираната финалност на постоењето. Особеностите на когнитивниот и емоционалниот развој специфични за младите возрасни, од една страна, овозможуваат различни модалитети на оперирање со личните конструкции за смртта, но, од друга страна, лесно може да го насочат односот спрема потрага по т.н. симболичка бесмртност и негирање на смртта (Neimeyer et al., 2004; Iverach et al., 2014).

Во контекст на наодите од корелациската и предиктивната анализа, а во прилог на истакнатата емоционалност карактеристична за овој период, истражувањето ги потврди постојните сознанија за заемна поврзаност на различните модалитети на анксиозноста (Neimeyer et al.,2004). Фактот што кај младите кои се поанксиозни при помислата за смртта се поистакнати и анксиозните реакции поврзани со стареењето, личната вознемиреност и емпатиската грижа како афективни компоненти на емпатијата и анксиозното афективно врзување укажува дека посебните типови анксиозни одговори што се јавуваат при контакт со различни домени од животот, всушност, ги генерира општа предиспонираност кон анксиозност, односно поистакната емоционална реактивност (Frazier & Foss-Goodman, 1989; Florian et al., 2002). Овој наод може да го толкуваме двозначно, како состојба на емоционална сензитивност што својот подем го постигнува во овој развоен период, и/или како израз на трајни специфики на темпераментот независни од возраста (Thompson, Winer & Goodvin, 2010).

Во прилог на развојното толкување на зголемената сензитивност се наодите за еден неодминлив фактор на ризик, а тоа е „повторената“ анксиозност предизвикана од одвојување, специфична за овој период, која произлегува од психолошкото (но и физичко) одвојување од родителите (Iammarino, 1975), карактеристично особено за студентската популација. Истражувањата

покажуваат дека во зависност од квалитетот на семејните односи, овој вид анксиозност може да ја модерира анксиозноста поврзана со смртта во различни насоки кај двата пола (Chelgren, 2000).

Доколку, пак, се навратиме на темпераментот, како стабилна предиспонираност кон одреден емоционален и бихевиорален капацитет за интеракција со средината, поткрепа на ова објаснување може да најдеме во оригиналните концептуализации на Дејвис за афективните компоненти на емпатијата, како и во неговите првични емпириски проверки на корелатите на емпатијата (Davis, 1983). Имено, конструктот лична вознемиреност тој го одредува како индикатор на емоционалната реактивност, односно на присуство на чувства на анксиозност и непријатност при вознемирувачки интерперсонални интеракции. Емпириските наоди покажуваат дека личната вознемиреност е силно поврзана со хронична плашливост и емоционална ранливост. Дејвис, исто така, утврдил дека и втората афективна компонентна на емпатијата, емпатиската грижа, е поврзана со умерена склоност кон емоционална ранливост, плашливост и чувство на несигурност (Davis, 1983).

Покрај овие две објаснувања, постои можност добиените наоди да се толкуваат и низ призма на особеностите на применетата мерка на анксиозност поврзана со смртта. Имено, во некои истражувања (на пример, Frazier & Foss-Goodman, 1989) се покажало дека инструментот на Темплер/Мекморди, всушност, е повеќе мерка на генерализирана анксиозност отколку на посебен модалитет на анксиозност. Меѓутоа, коефициентите на корелација и на предикција утврдени во ова истражување укажуваат на заеднички компоненти меѓу конструктите, но не и на висок степен на преклопување, што значи дека не е прифатливо ова толкување.

Теоријата на справување со ужасниот страв од смртта на Гринберг, Соломон и Пишжински, пак, овозможува повеќе насоки за толкување на наодите (Greenberg & Arndt, 2011). Позитивната поврзаност со анксиозноста предизвикана од стареењето е очекуван наод, зашто антиципацијата на сите промени што се поврзуваат со староста е потсетник на финалниот исход од стареењето, односно на смртта. Поврзаноста со димензиите на афективно врзување во интимните и другите социјални врски, исто така, оди во прилог на овој теориски модел, иако единствено анксиозното врзување се издвои како позначаен корелат, меѓутоа не и како предиктор на анксиозноста поврзана со смртта. Отсуството на посилна поврзаност на овој вид анксиозност со потребата од блискост и потпора во афективното врзување во раната зрелост може да се објасни со особеностите на користената мерка. Од една страна, утврдена беше пониска внатрешна конзистентност на супскалите со кои се

툴мереа овие две димензии, но е поважно толкувањето кое произлегува од начинот на конструкција на мерката. Имено, Колинс и Рид (Collins & Read, 1990) поаѓаат од моделот за афективно врзување во возрасната доба на Хазан и Шејвер (Hazan & Shaver, 1987 според Collins & Read, 1990), меѓутоа наместо трите стила на врзување кои тие ги концептуализираат (сигурен, избегнувачки, анксиозен/амбивалентен), конструираат инструмент за процена на три димензии во кои се испреплетуваат особини од трите стила на врзување. Поконкретно, индивидуата која е анксиозна при афективното врзување, всушност, се чувствува удобно во блиски односи, делумно има доверба во достапноста на другите, меѓутоа е загрижена поради можноста да биде напуштена или да не биде сакана. Од оваа перспектива, наодите се согласни со претпоставената заштитна функција на афективното врзување, зашто во анксиозното врзување истовремено е присутна и потребата од блискост и интимност во односите. Микулинцер и Шејвер (Mikulincer & Shaver, 2003, според Hart, Shaver, & Goldenberg, 2005) сметаат дека анксиозното врзување е одраз на прекумерна активност на системот за афективно врзување и на потреба од прекумерна потпора од другите (потреба од припадност и соединување), што е во согласност со особеностите на испитуваниот развоен период.

Половите разлики кои беа утврдени во истражувањето се согласни со големиот број емпириски наоди за поистакната анксиозност поврзана со смртта кај жените (Lesteret al., 2007; Harrawood et al., 2009; Power & Smith, 2008). Покрај тоа, учесничките во ова истражување доживуваат и поистакнати анксиозни реакции поврзани со антиципираниот процес на стареење, но и поистакната склоност кон емпатиска грижа, поистакната тенденција за лично вознемирување и поистакнат капацитет за емпатиско фантазирање. Оваа група наоди може да ги толкуваме како индикатори за повисока емоционална сензитивност кај жените, а по причинителите да трагаме во интеракцијата меѓу биолошките, социјалните и културните фактори. Наместо да прибегнеме кон стереотипното гледиште според кое кај жените едноставно постои поголема подготвеност за емоционална експресија, сметаме дека е потребна подлабока анализа на заемното влијание меѓу биолошките диспозиции, процесите на социјализација и културната определба на односот спрема смртта приспособена на двата пола. Постоењето полови, односно родови разлики во раната зрелост потврдува дека уште во раните развојни стадиуми започнува интернализацијата на родово дистинктивен однос спрема смртта, но и спрема личната смртност. Од друга страна, Кастенбаум (Kastenbaum, 2000) предлага поинаква перспектива на разгледување на половите/родовите разлики.

Наместо фокусот да биде поставен кон зголемената анксиозност поврзана со смртта кај жените, можеби е посоодветно да се запрашаме – зошто таа е пониска кај мажите? Дали помалку анксиозниот однос одразува негирање на смртта, психолошка неподготвеност за соочување со овој аспект на реалноста или можеби прифаќање и интегрирање на смртта во еден позрел однос спрема животот во целост?

Со оглед на тоа што, според нашите сознанија, ова е прво истражување на особеностите на анксиозноста поврзана со смртта, не само во раната зрелост туку воопшто, сметаме дека е неопходно подетално да се проучат различните аспекти на мултидимензионалниот однос спрема смртта во одделни развојни стадиуми за да добиеме појасен увид „од што, всушност, се плашиме кога се плашиме од смртта", како и што ја определува и посредува поврзаноста меѓу индивидуалните и културните одговори на свесноста за смртта. Присуството на загриженост и вознемиреност кај младите, предизвикани од антиципирањето на смртта, упатува и на потреба од различни модалитети на едукација за смртта и умирањето, која нема да биде ограничена само на поединци или семејства соочени со терминални болести или неочекувана смрт на блиски луѓе, а ќе поттикне развој на зрел однос спрема смртта и превенција од патолошки одговори. Ова е особено важно ако се земат предвид мноштвото разновидни искуства, избори и одлуки со кои се соочуваат младите во перидот на рана зрелост, а кои во интеракција со одредени личносни предиспозиции и рани животни искуства често доведуваат до појава и развој на хронични и сложени психопатолошки состојби во кои стравот од смртта има средишна улога.

## Литература

Bodner, E.,Shrira, A., Bergman, Y., & Cohen-Fridel, S. (2015). Anxieties about aging and death and psychological distress: The protective role of emotional complexity. *Personality and Individual Differences, 83,* 91–96.

Burke, B., Martens, A., & Faucher, E. (2010). Two decades of Terror Management Theory: Ameta-analysis of mortality salience research. *Personality and Social Psychology Review, 14(2),* 155–195.

Chelgren, K. (2000). *Death anxiety in young adults: The predictive role of gender and psychological separation from parents*. UNF Theses and Dissertations. Paper 179.

Collins, N. L., & Read, S. J. (1990).Adult attachment, working models, and relationship quality indating couples. *Journal of Personality and Social Psychology, 54*, 644-663.

Davis, M.H. (1983). Measuring individual differences in empathy: Evidence for a multidimensional approach. *Journal of Personality and Social Psychology, 44*, 113–126.

Ferguson, C. (2009). An Effect Size Primer: A Guide for Clinicians and Researchers. *Professional Psychology: Research and Practice*, *40*(5), 532–538.

Florian, V., Mikulincer, M., & Hirschberger, G. (2002). The anxiety-buffering function of close relationships: Evidence that relationship commitment acts as a terror management mechanism. *Journal of Personality and Social Psychology*, *82*(4), 527–542.

Frazier, P., & Foss-Goodman, D. (1989) Death anxiety and personality: Are they truly related? *Omega: Journal of Death and Dying*, 19(3), 265-274.

Greenberg, J., & Arndt, J. (2011).Terror management theory. In Lange, P.A.M., Kruglanski, A.W., & Higgins, E.T. (Eds.), *Handbook of theories of social psychology* (Vol.1, pp. 398-415).Thousand Oaks, CA: Sage.

Harrawood, L., White, L., & Benshoff, J. (2009).Death anxiety in a national sample of United States funeral directors andits relationship with death exposure, age, and sex. *Omega: Journal of Death and Dying*, *58*(2), 129-146.

Hart, J., Shaver, P., & Goldenberg, J. (2005). Attachment, self-esteem, worldviews, and terror management: Evidence for a tripartite security system. *Journal of Personality and Social Psychology*, *88*(6), 999–1013.

Iammarino, N. (1975). Relationship between death anxiety and demographic variables. *Psychological Reports, 37*, 262.

Iverach, L., Menzies, R., & Menzies, R.E. (2014). Death anxiety and its role in psychopathology: Reviewing the status of a transdiagnostic construct. *Clinical Psychology Review, 34*, 580–593.

Kastenbaum, R. (2000). Reconstructing death in adolescence and adulthood. In Kastenbaum, R., *The psychology of death*. (pp. 63-96). New York: Springer.

Lasher, K., & Faulkender, P. (1993). Measurement of aging anxiety: Development of the Anxiety about Aging Scale. *The International Journal of Aging & Human Development*, *37*(4), 247-259.

Lehto, R., & Stein, K. (2009). Death anxiety: An analysisof an evolving concept. *Research*

*and Theory for Nursing Practice: An International Journal*, 23(1), 23-41.
Lester, D, Templer, D, & Abdel-Khalek, A. (2007). A cross-cultural comparison of death anxiety: A brief note. *Omega*, 54(3), 255-260.
McMordie, W. (1979). *Improving the measurement of death anxiety*. (Doctoral dissertation). National Library of Canada, Canadian Theses on Microfilm Service.
Mikulincer, M., & Florian, V. (2000). Exploring individual differences in reactions to mortality salience: Does attachment style regulate terror management mechanisms? *Journal of Personality and Social Psychology*, 79(2), 260-273.
Mikulincer, M., Florian,V., & Hirschberger, G. (2003). The Existential Function of Close Relationships: Introducing Death Intothe Science of Love. *Personality and Social Psychology Review, 7*(1), 20-40.
Neimeyer, R., Wittkowski, J., & Moser, R. (2004). Psychological research on death attitudes: An overview and evaluation. *Death Studies, 28*(4), 309-340.
Öhman, A. (2008). Fear and anxiety: Overlaps and dissociations. In Lewis, M., Haviland-Jones, J. & Barrett, L.F. (Eds.), *Handbook of emotions* (3rd ed., pp. 709-729). New York: The Guilford Press
Power, T., & Smith, S. (2008). Predictors of fear of death and self-mortality: An Atlantic Canadian perspective. *Death Studies, 32*, 253–272.
Stevens, S., Cooper, P., &Thomas, E. (1980). Age norms for Templer's Death Anxiety Scale. *Psychological Reports, 46*, 205-206.
Tavakoli, M. A., & Ahmadzadeh, B. (2011).Investigation of Validity and Reliability of Templer Death Anxiety Scale. *Thought & Behavior in Clinical Psychology*, *6*(21), 72-80.
Templer, D. (1976). Two factor theory of death anxiety: A note. *Essence: Issues in the Study of Ageing, Dying, and Death, 1*(2), 91-93.
Templer, D., Lester, D., & Ruff, C. (1974).Fear of death and femininity. *Psychological Reports,35*, 530.
Thompson, R. A., Winer, A. C., & Goodvin, R. (2010). The individual child: Temperament, emotion, self, and personality. In Bornstein, M., & Lamb, M. E. (Eds.), *Developmental science: An advanced textbook* (6th ed., pp. 423–464). New York, NY: Psychology Press/Taylor & Francis.
Thorson, J. (1977). Variations in death anxiety related to college students' sex, major field of study, and certain personality traits. *Psychological Reports, 40*, 857-858.

# DEATH ANXIETY IN YOUNG ADULTS: SEX DIFFERENCES AND EMOTIONAL CORRELATES

**Katerina Naumova**
**Mihajlo Popovski**

## Abstract

Death anxiety is defined as an emotional response to awareness of death, including fear of personal mortality, which is not caused by an imminent threat to life. Numerous empirical findings suggest that the period of early adulthood is marked by a higtened fear or anxiety associated with death and dying, and that this type of anxiety is usually more prominent in females. According to the Terror Management Theory, adult attachment represents a distant defense from mortality salience and the transience of life. The study presented in this paper was conducted in order to examine sex differences in death anxiety in young adults, to analyze the relationship between death anxiety and certain emotional correlates (aging anxiety, empathy and adult attachment),as well as to assess the contribution of each emotional correlate in the prediction of death anxiety. The participants in the study were 435 undergraduate students from two universities in Macedonia. The data was gathered with *Templer/McMordie Death Anxiety Scale, Anxiety about Aging Scale, Interpersonal Reactivity Index* and *Adult Attachment Scale*. The assessment of sex differences showed that females feel significantly more anxious and fearful than males when thinking about death. Nearly all tested correlates were significantly associated with anxiety as a response to awareness of death, but the highest correlation exists between death anxiety and aging anxiety, personal distress and emphatic concern as affective components of empathy, and anxious attachment. The first three correlates are significant predictors of death anxiety, that explain over a third in its variance. The findings are aligned with developmental aspects of death anxiety and terror management theory.

**Keywords:** *death anxiety, aging anxiety, empathy, adult attachment, terror management theory*